Министерство за транспорт
Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 49 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/24 и 224/24) и член 6 и 7 од Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 182/24 и бр.251/24), Комисијата за спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка објавува

**Отворен Јавен Повик**
**за доставување на барање за доделување на финансиска поддршка за воведување на нова/нови дестинација/и од аеродромите во Република Северна Македонија**

1. Министерството за транспорт ги известува сите заинтересирани авиопревозници дека спроведува постапка за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници за воведување на нови дестинации.
2. Давател на финансиската поддршка е Владата на Република Северна Македонија, која донесе Програма за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2025-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.182 /24), а истата се реализира преку Министерството за транспорт.
3. Нова дестинација е аеродром кој не бил опслужуван со редовен воздушен превоз во последните две ИАТА сезони од/до „Меѓународен аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ – Охрид.
4. Финансиската поддршка се доделува за период од **1 јануари 2025 година, а заклучно со 31 декември 2027 година**.
5. Финансиската поддршка за секоја нова дестинација е утврдена во износ од:

- **9 евра по патник во доаѓање** во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изготвување на барањето за плаќање, за патници превезени **до „Меѓународен аеродром Скопје“** и
- **12 евра по патник во доаѓање** во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на изготвување на барањето за плаќање, за патници превезени до аеродромот „**Св. Апостол Павле“ – Охрид** .

6. Средствата кои се останати по првиот повик за финанасиска поддршка, кои се утврдени по години и не се пренесуваат, се во износ од:
   - 81.613.245,00 денари (1,327,045 евра) за 2025 година,
   - 62.144.371,00 денари ( 1,010,478 евра) за 2026 година и
   - 63.255.968,00 денари (1,028,552 евра) за 2027 година.
7. **Рок за поднесување на Барање за добивање на финансиската поддршка:**
   -заинтересираните авиопревозници можат да поднесуваат барања во текот на целиот период за кој се доделува финансиската поддршка наведен во точката 4 на овој јавен повик.
8. Барателот на финансиска поддршка доставува Барање кое треба да ја содржи следната документација:
   - основни податоци за авиопревозникот;

-документ од надлежен орган во државата каде што барателот е регистриран, односно има седиште, дека не му била изречена правосилна пресуда за корупција, измама или перење на пари;
- документ од надлежен орган во државата каде што барателот е регистриран, односно има седиште, дека не е отворена постапка за стечај и ликвидација;
- документ од надлежен орган во државата каде што барателот е регистриран, односно има седиште, за платени даноци, придонеси и други јавни давачки;
- уверение од надлежен орган во државата каде што барателот е регистриран, односно има седиште, дека со правосилна пресуда не му е изречена казна за кривично дело или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- документ за регистрирана дејност од надлежен орган во државата каде што е регистриран, односно има седиште,
- доказ дека поседува важечко уверение за исполнување на безбедносни услови за вршење на јавен воздушен превоз (АОС - Air Operator Certificate),
- Оперативен план кој задолжително треба да содржи: аеродром на новата дестинација, период за бараната финансиска поддршка, датум од кој авиопревозникот ќе отпочне со оперирање на новата дестинација, број на неделни летови, број на планирани превезени патници во доаѓање и заминување, број на понудени седишта, износ на бараната финансиска поддршка прикажан по години кој треба да биде реален со реални бројки и ќе биде составен дел од договорот за финансиска поддршка,
- биланс на успех за претходната година,
- извадок од годишен извештај за работа дека има превезено, односно опслужено најмалку пет милиони патници во претходната година,
- изјава дека има остварено профит од најмалку 10.000.000,00 (десет милиони) евра во претходната година,
- изјава за постоење/непостоење на конфликт или потенцијален конфликт на интереси кој произлегува од претходен или постоен договор или други односи кои може материјално да влијаат врз способност на барателот да ги исполни обврските согласно договорот за финансиска поддршка и
- парафиран предлог-Договор за финансиска поддршка, достапен на веб страната на министерството за транспорт.

Барањето и потребната документација, може да се поднесат на македонски и/или на англиски јазик.

Доколку државата во која е регистриран барателот, односно има седиште, не ги издава документите од алинеи 2, 3, 4, 5 и 6 на оваа точка, барателот доставува Изјава заверена кај нотар односно еквивалентна изјава издадена од надлежен орган како што се бара согласно законот во земјата каде што е основан барателот, со која се потврдува дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за корупција, измама или перење на пари; дека против него не е отворена постапка за стечај; дека против него не е отворена постапка за ликвидација; дека ги подмирил сите даноци, придонеси и други јавни давачки кон државата и дека со правосилна пресуда не му е изречена казна за кривично дело или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.“

На веб страната на Министерството за транспорт можете да најдете обрасци, кои не се задолжителни, а кои можат да Ви помогнат при изработката на Барањето.

9. Доставените барања ќе ги разгледува Комисија за спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка. Комисијата дава појаснувања и доставува дополнителни информации и документи по барање од заинтересирани авиопревозници и истите ги објавува само во форма на одговор на веб страната на Министерството за транспорт.

10. За да може да се одобри барањето за финансиска поддршка, барателот треба да ги исполни следните услови::
- да има превезено, односно опслужено најмалку пет милиони патници во претходната година,
- да има остварено профит од најмалку 10.000.000,00 (десет милиони) евра во претходната година и
- да поседува важечко уверение за исполнување на безбедносни услови за вршење на јавен воздушен превоз (AOC - Air Operator Certificate).

11. Авиопревозникот на кој ќе му биде одобрено барањето за финансиска поддршка треба секоја нова дестинација воведена од/до „Меѓународен аеродром Скопје“ и аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид, **да ја опслужува најмалку два пати неделно**, по однапред определен ред на летање за периодот за кој му се доделува финансиската поддршка, наведен во поднесеното барање, освен за неделата во која се паѓаат Нова година и верските празници католички и православен Божиќ,

12. Комисијата за спроведување на постапката за доделување финансиска во текот на разгледување на барањето може да побара од барателот да ја дополни доставената документација и/или да даде појаснување за доставената документација, за што барателот одговара најдоцна 15 дена од приемот на барањето за дополнување или појаснување.

Доколку барателот не одговори, Комисијата во рок од 8 дена го известува дека барањето поради некомплетност нема да биде предмет на разгледување.

13. Барањата се разгледуваат и одобруваат по принципот на првенство при поднесување на барањето за доделување на финансиска поддршка се до исцрпување на средствата утврдени во Програмата на Владата.

14. Комисијата има рок од 30 дена од поднесено комплетно барање за финансиска поддршка да изготви извештај кој го доставува до министерот за транспорт.

15. Корисникот на финансиска поддршка кој има склучен договор за финансиска поддршка, до истекот на истиот може да поднесе барање со кое бара зголемување на периодот на оперирање на воведената дестинација. Кон барањето, корисникот на финансиската поддршка поднесува оперативен план кој особено содржи: периодот за кој се бара зголемување на оперирањето на новата дестинација, број на неделни летови, број на планирани превезени патници во доаѓање и заминување, број на понудени седишта и износ на барана финансиска поддршка кој е реален и со реални бројки прикажани по години. Периодот за кој ќе се изврши измена на договорот може да биде само во рамки на период од 1 јануари 2025 година, а заклучно со 31 декември 2027 година.

Адреса за поднесување на Барање за финансиска поддршка:
Министерство за транспорт,
ул. Плоштад Црвена Скопска Општина бр.4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Адреса за комуникација:
E-mail: mtcfinancial.support@mtc.gov.mk
Веб страна: www.mtc.gov.mk
Телефон: +389 2 3145 592